Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 09-864/17
11 09 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 став 1 точка 13 од Законот за високото образование („Сл.Весник на РМ" бр. 82/2018), член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (Универзитески гласник бр.454) и член 11 од Правнилкот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (последипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.417), Глава IV точка 5 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2023/2024 година и член 9 од Упатството за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2023/2024 година, Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2023/2024 година при Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје, а по однос на Приговорот поднесен од Анастасија Георгиева го донесеве следново

РЕШЕНИЕ

Се ОДБИВА Приговорот од Анастасија Георгиева со бр.09-864/14 од 5.09.2023, пријавена на првиот уписен рок на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со приемен број 109203 како неоснован.

**Образложение:**

Кандидатката беше рангирана на прелиминарната ранг листа за упис на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на прелиминарната ранг листа за упис на правни студии.

По увидот во приговорот, Комисијата изврши увид во приемната документација и констатираше дека приговорот е неоснован, односно согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, согласно чл.13 права на упис без трошоци за студирање имаат само припадникот на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид.

**Правна поука:**

Решението на Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2023/2024 година е конечно. Против ова Решение, незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од објавувањето.

11.9.2023

Претседател на Конкурсна комисија

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - Правен факултет "Јустинијан Први" - Република Северна Македонија - СКОПЈЕ